РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Сектор за логистика
Sektori për Logjistikë

Бр.-Nr. 18/3-246/3
13 MAR 2023 20
Скопје-Shkup

Врз основа на член 52 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), а во врска со член 77 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/2019), Упатството за начинот на спроведување на постапките за ЈН во Министерство за Одбрана бр.01-607/1 од 12.09.2019 година, а согласно со Годишниот план за јавни набавки на Министерството за одбрана бр. 01-163/1 од 31.01.2023 година, реден број на постапка 51/4 и 51/5 и Решението за овластување за потпишување на акти од Министерката за одбрана бр. 02-2/124 од 21.09.2022 година, Државниот секретар донесе:

# О Д Л У К А
## за јавна набавка

1. На товар на финансиските средства кои ќе бидат обезбедени со Финансискиот план на Министерството за одбрана за 2023 година, да се изврши набавка на **Уреди за уништување на хартија** за потребите на Сектор К4 - потпрограма 10, НП 970, задача 5770, потставка 423810, во износ од 2.542.372,00 денари без ДДВ, ДДВ 18% од 457.626,00 денари, односно 3.000.000,00 денари со ДДВ и за потребите на Армијата - потпрограма 20, НП 120, задача 5555, потставка 423910, во износ од 84.745,00 денари без ДДВ, ДДВ 18% од 15.255,00 денари, односно 100.000,00 денари со ДДВ.

2. Јавната набавка на стоките да се изврши согласно Рефератот бр.18/3-71/110 од 16.02.2023 година и Спецификацијата во негов прилог бр.18/3-71/111 од 16.02.2023 година доставени од Сектор К4 и Рефератот бр.05-3/34 од 14.02.2023 година и Спецификацијата во негов прилог доставени од Армијата, со проценета вредност искажана во табелата:

| Дел број | НАЗИВ НА СРЕДСТВАТА | Носител | Един. мерка | Коли-чина | Вкупна вредност во денари без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Уреди за уништување на хартија | Сектор К4 | по.спец | по.спец | 2.542.372,00 |
| | | ВП 2803/20 Скопје | | | 84.745,00 |
| **Вкупна вредност во денари без ДДВ:** | | | | | **2.627.117,00** |
| **Вкупно ДДВ 18%:** | | | | | **472.881,00** |
| **Вкупна вредност во денари со ДДВ:** | | | | | **3.100.000,00** |

3. Набавката се изврши согласно член 49 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр. 24/2019) – поедноставена отворена постапка.

4. Критериум за избор на економски најповолна понуда согласно член 99 став (2) и (9) од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр. 24/2019) - цена.

5. Постапката за јавна набавка на стоки да се спроведе со користење на електронски средства преку ЕСЈН, без електронска аукција согласно Законот за јавните набавки, од страна на стручната служба во Министерството за одбрана - Сектор за логистика и Комисијата за јавни набавки во состав: Хајруш Аслани - претседател; Лидија Ивановска Стојковска - заменик претседател; Марија Крстевска - член; Еелвира Вукељ Идриз – заменик член; Ненад Инадески - член; Елена Граовска - заменик член.

Образложение

Набавката на бараните стоки е за потребите на организационите единици при Министерството за одбрана , со која се планира исполнување на националните и НАТО стандарди за безбедност при ракување, чување и уништување на класифицирани информации со степен до „ДТ" во ГШ на Армијата.

Изработил: Марија Крстевска
Контролирал: Сашо Јовановски
Согласен: пполк. Митре Тодоров

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
Државен секретар
Владимир Анчев

Slavjanka Petrovska
Digitally signed by Slavjanka Petrovska
Date: 2023.03.14 11:26:23 +01'00'